# Григор Прличев

Македонски јазик




Григор Прличев



Моето училиште Григор Прличев. Скопје





Спомеликот на Григор Прличев

# Опис на Григор Прличев

**Григор Ставрев Прличев (Охрид, 18 јануари 1830[1] - Охрид, 6 февруари 1893[1]) - истакнат македонски писател од времето на романтизмот и значаен претставник на македонската книжевност од XIX век. Покрај мајчиниот - македонски, творел и на грчки и бугарски, и ги обединувал во себе нивните јазични белези, како и современите текови на класицизмот и романтизмот. Според ,,Македонската енциклопедија", *тој е писател кому Македонија му е и љубов и судба и болка и очај и неопходност и тага и лулка и гроб... ,***

Роден е како четврто, последно дете на Марија Ѓокова и Ставре Прличев, охридски занаетчија. Набргу неговиот татко починал, а Прличев останал сирак со шест месеци. Извесно време за фамилијата на Ставре Прличев се грижел неговиот дедо, хуманист по душа, кој собирал доброволни прилози за затворениците и бил голем љубител на книгата. Неговиот дедо, согледувајќи дека и кај неговиот внук се раѓа љубов кон книгата на рамо го носел во училиште, а пред неговата смрт оставил аманет на мајка му бездруго да го продолжи образованието на Григора.

# ГРИГОР ПРЛИЧЕВ

- Во текот на 1850г. повторно се враќа во Македонија и до 1859 година учителствува на повеќе места (Долна Белица, Струшко, Битола, Прилеп и Охрид) за да си обезбеди услови за продолжување на студиите. Две мирни години, исполнети со училишна практика и пеење стихови поминал во убавото струшко село Долна Белица, кое што потоа ќе го опише во „Сердарот“ и во својата „Автобиографија“. Во Битола провел неколку месеци во барање работа, а во Прилеп учителствувал неколку месеци. Подолго време Прличев учителствува во Охрид и откако собрал доволно пари се враќа во Атина.

- Во 1859 г. повторно доаѓа во Атина, како студент на втора година по медицина. Во овој период, наместо да се занимава со медицина, ја пишува поемата „О АРМАТΩΛΟΣ“ (Сердарот) што требало да се предаде најдоцна до 13. II 1860 година на поетски конкурс. Во 1860 г. ја добива наградата на големиот атински конкурс за најдобра поема на грчки јазик, која се состои од паричен дел и ларворов венец. Истата година неговото дело ќе излезе од печат. Резултатите од конкурсот ги надминуваат и најсмелите очекувања, а Прличев ќе биде прогласен за **„втор Хомер“**, нешто што дотогаш не се случило во Атина



## Сердарот

„Сердарот“ е историско-јуначка поема. Јуначката смрт на сердарот Кузман Капидан во нерамната борба против албанските разбојници од племето Геги за да го заштити македонското христијанско население од нивните насилства е тема во ова преубава поетска творба. Тој што умира во борбата за слобода и правда на својот народ кој има мачно, тешко и крваво, но славно минато е идејата на поетот во ова лирско - епско дело. Поемата е напишана на грчки јазик (бидејќи се пријавил на конкурсот за поема во Атина). Мотивот, Прличев го зел од народната песна за Кузман Капидан, а бил инспириран од тешкиот живот на Македонците од западните делови на Македонија кои биле изложени на насилство од страна на Гегите. Па дури и турската власт за да го заштити населението од грабежи, за да може потоа да им земе даноци, морала да организира заштитнички единици. Кузман Капидан бил водач, сердар на една таква единица. Поемата е сочинета од 228 строфи со по четири стиха (катрени), од кои првиот и третиот стих се петнаесетерци, а вториот и четвртиот осмерци. Во неа мотивот и версификацијата (градбата на стиховите) се под влијание на народната македонска поезија, додека стилските особености - сложените епитети, мотивите и ликовите од грчката митологија, опширната епска нарација, описот на оружјето, на двобоите и градењето на ликовите се под влијание на Хомер.


ГРИГОР ПРЛИЧЕВ
СЕРДАРОТ




Ο ΑΡΜΑΤΩΛΟΣ

Ќе победи на овој литературен конкурс (1860 г.), тој, за кого во преполната сала немало ни место да седне. Претседателот на конкурсната комисија, поетот Рангавис ќе му ја додели наградата и пред сите ќе биде наречен Втор Хомер за неговите исклучителни лирски способности. Но неговата радост кратко траела. Откако дознава за смртта на браќата Миладиновци, сфаќа дека дошло времето да ја преземе работата во свои раце и да го одмазди нивното дело. Се враќа во Охрид каде се залага за воведување на словенскиот јазик во училиштата и богослужбата во црквите. Но, овие храбри акции ќе наидат на неодобрување на погрчениот Албанец, тогашниот владика Мелетиј кој ќе го наклевети на турските власти и Прличев ќе биде изведен пред своите сограѓани пред уќуматот (турска управна област). Неговата админастративна област). Неговата мајка ќе се најде на тој настан и постојано ќе го храбри својот син да не се плаши, да верува во себе и храбро да издржи.

- Неговото литературно творештво е значајно и поради поемата ,,Скендербег“ и ,,Автобиографијата”. Григор Прличев ги има поминато, последните години од својот живот во Солун, каде што ја напишал неговата автобиографија.
- Григор Прличев починал 1893 г. во неговиот роден град, Охрид.

